Машински факултет
Број 02-512/6
30.05.2019 год.
Скопје

Врз основа на член 110 став 1 алинеја 8 и член 173 став 1 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ“ број 82/2018), како и член 42 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 411/2018), во врска со Рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) Математика на Машинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје број 1190, Наставно-научниот совет на Факултетот, на 35-та редовна седница одржана на 30 мај 2019 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А

## за избор во наставно-научно звање вонреден професор

Доцент д-р Бојан Прангоски, се избира во наставно-научно звање вонреден професор во научната област Математика (10900) на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, за време од пет години.

## О б р а з л о ж е н и е

Деканот на Машински факултет во Скопје, на 4 март 2019 година распиша конкурс за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научната област Математика (10900).

На конкурсот се пријави д-р Бојан Прангоски, доцент на Машинскиот факултет во Скопје.

Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 30 мај 2019 година, изјаснувајќи се по Рефератот и предлогот на Рецензионата комисија објавен во Билтенот на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” - Скопје, број 1190 од 15 април 2019 година, едногласно донесе одлука со која доцент д-р Бојан Прангоски се избира во наставно-научно звање вонреден професор во научната област Математика (10900), за време од пет години.

Одлуката да се достави до: именуваниот, сметководство, општа служба - досие, ННС и архивата на Машински факултет во Скопје.

Универзитет “Св. Кирил и Методиј” во Скопје
Машински факултет - Скопје
Декан

Проф. д-р Дарко Данев